**ОПШТИНА ЦЕНТАР**
**- Одбор за подигање спомен обележје**
**на „Неџат Аголи„**
**31.05.2011 год.**
**С к о п ј е**

**ДО**
**СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР**
**С К О П ЈЕ**

Согласно Одлуката за подигање спомен обележје на „Неџат Аголи„ бр. 07-3498/36 од 27.10.2010 година /„Службен гласник на Општина Центар„ бр. 16/2010/ донесена од Советот на Општина Центар-Скопје, Одборот за спроведување постапка за подигање спомен обележје на „Неџат Аголи„, го поднесува следниот

# И З В Е Ш Т А Ј

Одборот за спроведување постапка за подигање спомен обележје на „ Неџат Аголи„ формиран со Одлука на Советот на Општина Центар бр. 07-3498/36 од 27.10.2010 година, утврди текст на Конкурс за изработка на идеен проект за подигање спомен обележје на „Неџат Аголи„ и Проектна програма.

Одборот одреди Конкурсот да се објави во дневните весници „Време„ „Дневник„ и „Лајм„ и рокот на траење на Конкурсот да биде до 10.01.2011 година.

Во утврдениот рок на траење на конкурсот пристигнаа 7 конкурсни трудови заедно со приложената документација.

Одборот констатира дека сите 7 трудови се пристигнати во предвидениот рок истите се комплетни и пристапи кон поединечно оценување на секој труд.

По поединечното оценување на секој труд, на седницата што ја одржа на ден 26.05.2011 година, Одборот одлучи да додели:

- Прва (изведбена) награда во износ од 200.000,00 денари, за идејниот проект за подигање спомен обележје на „Неџат Аголи„ под работен (деловоден) број 08- 70/1 на авторот Исмет Рамиќевиќ, со шифра на авторот „Н 7777„.

Ова идејно решение се издвојува со иновативен и скулпторски пристап.
Делото е врвно решение по однсо на развиениот ликовен рамковен ракопис, по однос на чувството за форма и нејзината минимализираност.

Примената на ликовно скулпторските содржини е многу сериозна и упратува на високо познавање на ликовноста и занаетот. Поставката е едноставна, монументална и комплетна, многу сугестивна со пласираните психолошки моменти.

- Втора награда во износ од 120.000,00 денари, за идејниот проект за подигање спомен обележје на „Нецат Аголи„ под работен /деловоден/ бр. 08- 52/1 од авторот Невзат Бејтули со шифра на авторот „АЗРА„.

Во ова идејно решение, авторот успеал да вкомпонира релевантно ликовно решение каде движењето и неговата естетика се од примарно значење вклучувајќи го и психолошкиот момент. И покрај ова, трудот е нагласено сериозен но и наративен.

Скулпторските содржини се солидно имплементирани и недвосмислено функционираат.

- Трета награда во износ од 60.000,00 денари, за идејниот проект за подигање спомен обележје на „Нецат Аголи„ под работен /деловоден/ бр. 08- 33/1 на авторот Перо Кованцалиев.

Трудот во ова идејно решение е многу софистициран и богат во јазикот и ликовната нарација, но и агресивен во решениeто кое својата пластичност ја подигнува до ниво на индивидуален белег и автентична реалистичност.

Се одликува со висока оригиналност во пласирањето на комнпозицијата.

Творечката моќ и скулпторскиот занает се на виско ниво.

Согласно горе изнесеното, Одборот му предлага на Советот да се подигне спомен обележје на „Нецат Аголи„ според првонаградениот идеен проект на авторот Исмет Рамиќевиќ.

Одбор за подигање спомен
обележје на „Нецат Аголи„
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бранислав Саркањац

/г/ 2011 извештај Јосиф Багери/1/